Врз основа на член 3, став 2 и 3 од Одлуката за основање на Совет на млади на општината Битола (Службен гласник на општината Битола бр.14/2014), Советот на општината Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**1.**Советот на млади на општината Битола е советодавно работно тело на Советот на општината Битола, кој е основан со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на општина Битола преку предлагање на иницијативи за прашањата кои ги засегаат младите на подрачјето на општина Битола.

**2.**Право да предлагаат кандидати за членови во Советот на млади имаат:

- студентски организации,
- средношколски организации,
- невладини организации,
-други субјекти (политички подмладоци и сл.) кои ги опфаќаат младинските категории на подрачје на општина Битола.

**3.**Кандидатите за членови во Советот на млади треба да ги исполнуваат следните услови:

-да се на возраст од 15-30 години,
-да имаат живеалиште на подрачјето на општина Битола,
-да бидат предложени како кандидати за членови од овластените субјекти од точка 2 на овој повик.

**4.**Кандидатите за членови треба да ја поднесат следната документација како доказ за исполнување на условите од точка 3:

-Извод од матична книга на родени или копија од лична карта или пасош,

-Кратка биографија (CV),

-Мотивационо писмо,

-Писмен предлог од организацијата која го предлага, потпишан од овластеното лице на истата и заверен со печат,

**5.**Рокот за доставување на предлозите за кандидати е 5 работни дена од денот на објавувањето на овој јавен повик , сметајќи го и денот на самото објавување, односно почнувајќи од 06.11.2020 година, заклучно до 12.11.2020 година

**6.**Документацијата од точка 4 се поднесува на следната адреса:

**-Совет на општина Битола – Комисија за мандатни прашања, избори и именувања- Ул.Булевар „1-ви Мај“ Битола – со назнака „ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА“.**

Бр. 0922-132/1
05.11.2020г.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општината Битола
Валентин Груевски